списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**



# АРХЕОЛОГИЈА
## ископување на минатото

број 6 ● Година II, 2015 ● цена 30 денари ● месечно издание

9 771857 951005



**Пророштвата за Исус потврдени во историјата**

**Дали Библијата била променета низ вековите?**



**Каде се оригиналните Десет Божји заповеди?**

**Најголемото откритие на модерната доба**



**Богатството на бедуините**



Во овој број:

# Месија
во пророштвата и историјата

# Свитоци
од Мртвото Море

*Цели 1500 години Израелците ја населувале Ветената земја. Иако нивната среќа се менувала, постоело нешто што го обединувало народот и ја хранело неговата храброст – тоа била надежта за ветениот Месија. Всушност, оваа надеж постоела од почетокот на историјата. Пред да бидат протерани од Едемската градина заради нивниот грев, Адам и Ева добиле ветување за Спасител кој ќе ја смачка главата на сатаната (1. Мојсеева 3,15). Јаков предвидел*



*дека Шило (Shiloh - Кроткиот) ќе дојде од племето на Јуда. Кога Израел влегол во Ветената земја, Валаам бил инспириран да каже: **„Ѕвезда од Јаков се издига“** (4. Мојсеева 24,17). Токму пред неговата смрт, Мојсеј напишал:*



Исус бил предаден за 30 сребреници, токму како што било проречено

***„Господ, твојот Бог, ќе ти дигне пророк од браќата твои, како мене – него слушајте го“*** *(5. Мојсеева 18,15).*

## Пророштвата за **Месија**

По нивното населување во Палестина, таквите т.н. месијански пророштва станале многу специфични. Во пророштвото што било овековечено преку Хенделовиот „Месија“, Исаија кажал: ***„Зашто дете ни се роди – Син ни се даде; власта е на рамењата негови и ќе го наречат: Чудесен Советник, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот“*** (Исаија 9,6). Михеј го кажал пророштвото за местото на неговото раѓање: ***„Но ти, Витлееме Ефратов, иако си најмал меѓу илјадниците Јудејци, од тебе ќе ни излезе Оној, кој ќе владее во Израил и чие потекло е од почетокот, од вечноста“*** (Михеј 5,2). Захарија го предвидел неговото триумфално влегување во Ерусалим и неговото предавство за триесет сребреници: ***„Ликувај од радост, ќерко Сионова, извикувај ќерко ерусалимска; ете, Царот твој се враќа кај тебе, праведен е и со победоносна сила, кроток, седнат на магаре.“ „И тие ми определија плата триесет сребреници“*** (Захарија 9,9; 11,12). Царот Давид напишал неколку псалми кои еврејскиот народ секогаш ги нарекувал „Месијански псалми“. Преку нив, тој кажал: ***„Глутница кучиња ме опколија, цела чета од злочинци се врти околу мене; ми ги прободеа рацете и нозете... ги разделија меѓу себе алиштата мои, за облеката моја ждрепка фрлија... Боже мој, Боже мој, зошто ме остави?“*** (Псалм 22,16.18.1). Исаија го прикажал неговото страдање: ***„А Тој беше изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија... Сите ние бевме заблудени како овци, секој си одеше по својот пат – и Господ ги натовари врз Него гревовите на сите нас. Тој беше измачуван, но страдаше доброволно и устата своја не ја отвораше; како јагне Тој беше одведен на колење и како што е овцата пред стрижачите свои безгласна, така и Тој не ја отвори устата своја... Му определија гроб со злодејци, но Тој беше погребан“*** во гробот на богат човек (Исаија 53,5-7.9).



## Помазаник

Зборот „Месија“ има еврејско потекло и значи „Помазаник“. Зборот „Христос“ е грчки збор кој се користи во Новиот завет и исто така значи „Помазаник“. Кога се родил Исус Христос, тој бил наречен Јошуа, што значи „Јахве (или Јехова) спасува“. Ова име спелувано на грчки е Iesous, а на македонски е Исус. Пророкот Даниел го предвидел дури и точното време кога ќе се појави Помазаникот (Даниел 9,25). Ова пророштвото се однесува на неговото помазание, кога ја започнал својата служба на возраст од 30 години (Дела 10,37.38).

Ние не го знаеме точниот датум на раѓањето на Исус Христос. Знаеме дека Ирод починал во 4 или 5 година пред



Христа, и дека тој бил човекот кој се обидел да го убие бебето Исус. Очигледно е дека Исус бил роден претходно. Причината зошто тој бил роден „пред Христа“, се наоѓа во фактот што дури во 525 година по Христа папата Св. Јован I го задолжил италијанскиот свештеник Дионисиј



Ексигус (Dionysius Exiguus) да направи нов календар, кој го поделил времето со датуми, пред и по Христа („Anno Domini“), (иако во нашиот јазик преовладува секуларниот израз „пред нашата ера“ и „од нашата ера“). Во текот на работењето тој направил грешка во пресметувањата и кога оваа грешка била откриена веќе било премногу доцна за да се промени хронолошкиот систем. Така ние ја имаме оваа чудна аномалија дека Исус Христос бил роден во 4 или 5 година пр. н.е. Важно е да се обрне внимание дека меѓу првата година на старата и првата година на новата ера, не постои година со ознака 0 (нулта година).

Што се однесува на месецот и датумот на раѓањето на Исус, мала е веројатноста дека тој се родил на 25 декември. Пред сѐ, тоа е зимски период во Палестина, кога често има снег на земјата и најверојатно овчарите не ги пaселе своите стада на пасиштата во такво годишно време. Како второ, 25 декември го славеле како датум на раѓање на сонцето. Бидејќи обожавањето на Митра се ширело многу интензивно во светот на Римјаните во првиот и во вториот век, многу луѓе кои се преобратиле во христијанството дошле од оваа религија. Бидејќи немало познат датум за раѓањето на Христа, ова се покажало како „прифатлива“ замена.

## Витлеем

Јосиф и Марија живееле во северниот дел на Израел, во Назарет. Таа очекувала тука да го роди своето бебе, но библиското пророштво предвидело дека месијанското дете ќе се роди во Витлеем. Илјадници милји подалеку, во Рим, одлуката на императорот ги сменила овие планови, кога бил донесен царски декрет да се изврши попис на жителите заради одредување на данок. „*Во тоа време излезе заповед од царот Август за попис на сите жители*“ (Лука 2,1). Јосиф и Марија биле принудени да одат во Витлеем, градот на нивните предци, и тука се родило бебето Исус.



Храмот на Август, Анкара



Црквата на Христовото раѓање

Во срцето на Анкара, главниот град на Турција, се наоѓа многу стара древна градба позната како „Храмот на Август“. Оваа конструкција била изградена во вториот век пред н.е., и била посветена на Кибела, мајката божица на Анатолија. Подоцна била посветена на римскиот император Август и на долгиот натпис на тој ѕид стојат забележани постигнувањата на Август (Augustus).

Тој натпис вклучува и три заповеди дадени од страна на Август: во 28-та и 8-та година пред н.е. и во 14-тата година, од н.е. Очевидно е дека дошло до одложување на примената на декретот од 8-та година пред н.е. и стапил во сила во благонаклоно време кое ги довело Јосиф и Марија во Витлеем на време за детето да се роди во тој град во 4-тата или 5-тата година пред Христа.



Елена, мајката на императорот Константин

## Црква на Христовото раѓање

Во Витлеем има голема камена црква, „Црква на раѓањето“ (Church of the Nativity), која многу христијани ја почитуваат како споменик на родното место на Христа. Под црквата има пештера за која се смета дека била шталата во која се случило раѓањето. Меѓутоа, првите христијани немале обичај да ги почитуваат таканаречените свети места, ниту пак имале можност да го прават тоа. Тие живееле во непријателски свет во кој биле прогонувани и од Евреите и од Римјаните. Нивната религија често ја практикувале во тајност, ризикувајќи го дури и сопствениот живот. Кога императорот Константин го прифатил христијанството како државна религија, неговата мајка, Елена, отишла во Светата земја да се обиде да ги пронајде местата кои се поврзани со Христовиот живот и да изгради на нив споменици. Се разбира, дотогаш тешко можело со сигурност да се тврди каде се наоѓале овие места. Археолозите за некои од нив успеале да докажат дека се автентични, за други дека се сомнителни, но за повеќето нема начин што би потврдил дали се вистинити или не. Црквата на Христовото раѓање спаѓа во оваа трета категорија.

## Назарет

Мора да се каже дека и за Назарет постои одредена несигурност. Покрај малата грчка православна црква се наоѓа извор за кој се тврди дека мајката девица црпела вода. Бидејќи ова е единствениот познат извор за снабдување на вода во древен Назарет, ова би можело да биде точно. Друга мала грчка црква, позната како Синагога, се смета дека била изградена на местото на старата Синагога каде што Исус и неговото семејство



Селки бунар во Назарет



оделе на богослужение, како што е опишано во Лука 4,16. Ова, исто така, би можело да биде автентично место.

Меѓутоа, нема начин за да се утврди автентичноста на местото на примање на благовештението, врз кое сега е изградена величествена црква „Базилика на блаженствата". Исто така, нема начин да се одреди автентичноста на домот на Исус или Јосифовата дрводелска работилница.

Иако нештата се менуваат, во Витлеем и Назарет сè уште владее прекрасна атмосфера како од библиските времиња. Моќните алатки зазеле место во продавниците на дрводелците, но старите чаршии, тесните улици и гостољубивите арапски жители на овие градови ги водат посетителите кои се заинтересирани да ги истражуваат улиците, назад во времето на Исус.



Туристи на Галилејското езеро

## Галилејското Езеро

Галилејското Езеро, каде што Исус го извршувал најголемиот дел од својата јавна служба, дефинитивно е автентично. Тоа е слатководно езеро, 13 километри долго и 8 километри широко. Неговата вода изобилува со риби. Не било чудо што апостолите според Исусовиот збор ги фрлиле мрежите и фатиле толку многу риба што тие почнале да се кинат. Чудото се огледувало во тоа што уловот се случил преку ден. Навечер езерото е полно со многубројни точкести светла на рибарските бродови кои можат да извлечат и по дваесет тони риба во еден добар вечерен лов. Сепак, преку ден ретко може да се види рибарски брод во езерото. Не е чудо што Петар рекол: „*Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твојот збор ќе ја фрлам мрежата*" (Лука 5,6). Тоа било направено со вера. Петар знаел дека без божествена помош немало надеж за лов преку ден.

Во две пригоди ненадејна бура се заканила да ги голтне чамците со кои патувале учениците. На езеро со ваква големина ова изгледа како неочекуван и неверојатен настан. Меѓутоа, оние што пловат по ова езеро, тоа воопшто не го сметаат за неверојатно. Овие две случки се одиграле ноќе (Матеј 8,24; 14,24) и не е необично безмилосни ветрови да се спуштат од падините на источната страна на езерото и да удрат по водата создавајќи бранови високи и до четири метри. Меѓутоа, ова се случува само ноќе.

Во нормални услови погледот кон езерото шири спокој и убавина. Светликавата сина вода, дивите цвеќиња што толку обилно цутат во пролет, плантажите со банани и маслиновите шумички кои успеваат во оваа суптропска клима на повеќе од 100 метри под нивото на морето, обезбедиле божествено опкружување за Проповедта на Гората и хранењето на петте илјади луѓе.



Исус ја одржал Проповедта на гората веројатно седејќи на брегот кој гледа кон градот Магдала, над тесниот брег на езерото. Ова место се наоѓа недалеку од Црквата на блаженствата која е подигната во знак на сеќавање на Исусовата проповед.

## Тиберијада

Секој ден голем моторен чамец за крстосување го напушта малото пристаниште кај Тиберij (Tiberius) и со бучно бревтање на моторот стигнува до кибуцот кај Еин–Гев (Ein-Gev) од другата страна на езерото. Патот ги носи посетителите назад во времето кога се кажува дека Исус Христос одел по вода и смирил силна бура.

Во 1987 година бил откриен брод од времето на Исус на северозападниот брег на Галилејското Езеро. Неодамна една компанија направила неколку





Макета (лево) според бродот за кој се смета дека е од времето на Исус (долу)

зголемени копии од овој брод и ги нарекла „Исусовите бродови“. Сега патниците можат да пловат преку езерото во овие бродови.



Остатоци од синагогата во Капернаум

## Капернаум

На северниот крај на езерото се наоѓаат урнатините на стариот град Капернаум. Се кажува дека на ова место Исус ја излекувал мајката на жената на Петар (Марко 1,29-34), излекувал болен од лепра (стих 40-42), му ја вратил силата на фатениот човек (1,1-12), го излекувал синот на благородникот (Јован 4,46-54), ја подигнал ќерката на Јаир од мртвите (Лука 8,41-56) и го излекувал слугата на капетанот (Лука 7,1-10). За овој римски капетан еврејските водачи кажале: ***„Го сака нашиот народ, а и синагогата тој ни ја направи“*** (Лука 7,5).

Ископувањата на тоа место ги изнеле на светлина урнатините на една синагога, која делумно била обновена. Под патеката во дворот било пронајдено богатство со повеќе од 20 000 монети, кои потекнуваат од крајот на четвртиот век, па така, градбата што ја посетуваат околу половина милион туристи секоја година, не може да биде вистинската синагога изградена од римскиот капетан. Меѓутоа, најверојатно таа била изградена на местото на споменатата синагога.

Сиот овој терен им припаѓа на фрањевските монаси, кои имаат црква што се присоединува со синагогата. Тие извршиле ископувања меѓу 1968 и 1977 година во блиската област и откриле шестоаголна градба на која било впишано името Петар. Не е сигурно дали навистина ова била куќата на Петар, но барем некогашните поклоници мислеле дека била и го напишале таму неговото име. Што се однесува на самиот град, ништо не можело да се види пред да почнат ископувањата.

Во Капернаум биле направени некои од најмоќните чуда на Исус, но и покрај тоа, луѓето од овој град не го признале. Тој предвидел: *„И ти Капернауме, што си се воздигнал до небото? До пеколот ќе бидеш спуштен“* (Матеј 11,23). Тоа значи дека Капернаум би бил спуштен до гроб или закопан, а освен она што го ископале археолозите, градот сè уште стои закопан под правта на вековите.



Јераш бил еден од десетте градови на римскиот Декаполис

## Јераш

Највпечатливите римски урнатини на Блискиот исток може да се најдат во Јераш (Jerash), околу четириесет километри северно од Аман. Овој бил еден од десетте градови на римскиот Декаполис. Исус проповедал во оваа област (Марко 7,31) и од овие градови потекнувале многу негови следбеници (Матеј 4,25).

Во една пригода Исус истерал легија на демони од еден човек во областа Гадара, друг град од Декаполис. Откако бил излечен, човекот *„си отиде, и почна да раскажува по Десетоградието што му направи Исус“* (Марко 5,20). Така, тој можеби бил сведок во римскиот форум и по улиците на Јераш (Jerash).

## Ерихон

Во Евангелието според Лука во 19 глава се наоѓа сторијата за Захеј, цариник со низок раст, кој сакал да го види Исуса кој дошол во Ерихон. Бидејќи не можел да гледа над главите на насобраното мноштво, тој истрчал напред со туркање и се искачил на едно дрво за да го види Исуса кога ќе помине. Колку ли бил зачуден кога Исус застанал под дрвото и рекол: *„Захеј, слези побрзу, зашто денес треба да бидам во твојот дом“* (стих 5).

Бидејќи даночниците собирале приход на сметка на омразените Римјани, Евреите ги презирале, па затоа тие се пожалиле за ваквата наклонетост покажана кон Захеј. Меѓутоа, нискиот даночник веќе почнал да се поправа и Исус му рекол: *„Денес дојде спасението за овој дом... зашто Синот Човечки дојде да го побара и да го спаси она што е загубено“* (стих 10).

Има три града наречени Ерихон. Стариот град кој Исус Навин го освоил и кој уште во времето на Исус бил куп урнатини. Има и денешен град населен со арапска популација. Тој е познат за повеќето посетители на Ерихон.

Меѓутоа, тука е и градот што постоел во времето на Исус. Се наоѓа на еден висок рид југозападно од денешниот град и многу малку туристи го посетуваат. Токму овде



Дрвото на Захеј

се наоѓала палатата на Ирод Велики.

# Иродовата палата

Ирод имал недоверлив карактер и живеел во постојан страв дека ќе го симнат од престолот. Било доволно само некој да му прошепоти дека некој од неговите роднини планира заговор и Ирод веднаш би наредил да го погубат. Меѓу таквите роднини била и неговата омилена жена Мариам (Mariamne), неговите синови Аристобул (Aristobulus), Александар (Alexander) и Антипатер (Antipater), и неговиот шура Аристобул (Aristobulus). Овој последниот бил удавен по наредба на Ирод во базенот на палатата, кај Ерихон.

Кога Ирод почувствувал дека ќе умре во Ерихон, тој уапсил стотици еврејски лидери и ги затворил на хиподром, по што ѝ порачал на својата сестра Салома (Salome) да ги усмрти штом тој ќе почине. Тој знаел дека Евреите ќе се израдуваат заради неговата смрт, па со ова сакал да се осигура дека народот ќе биде во длабока жалост и ќе тагува кога тој ќе умре. Иако ова барање не било реализирано, тоа сепак покажува дека неговата



Гробот на Лазар во малото село Витанија

наредба да се убијат сите бебиња во Витлеем за да се елиминира потенцијалниот наследник на неговиот трон, била во согласност со неговиот карактер.


Иродовата палата

# Витанија

Од Ерихон Исус се упатил кон Јудејската висорамнина до селото Витанија, каде што останал во текот на саботниот ден. Тој престојувал таму кај семејството на Лазар, Марта и Марија Магдалена.

Неколку месеци претходно, Лазар починал и бил погребан во семејната гробница цели четири дена. Кога пристигнал Исус, телото на Лазар веќе било во фаза на распаѓање. Кога Марта се побунила заради отворањето на гробот, Исус ѝ кажал: *„Јас сум воскресението и животот; кој верува во мене, и да умре, ќе живее“* (Јован 11,25). Тој првенствено зборувал за воскресението на крајот на времето, но со цел да ја покаже неговата способност да ги оживее мртвите, тој извикал со силен глас: *„Лазаре, излези надвор! И излезе умрениот, завиткан во платно по рацете и нозете“* (Јован 11,44).

Сепак, предрасудите биле толку силни што еврејските лидери, наместо да го прифатат Исус за свој Месија, тие направиле план да го убијат. За да го замолчат сведочењето за воскреснатиот Лазар, планирале да го убијат и него (Јован 11,53; 12,10).



Денеска Витанија е арапско село на јужната страна на Маслинската Гора и патот кој води од Ерусалим до Ерихон минува низ него. На левата страна од патот се наоѓа Црквата на Лазар и во близина има гробница каде што, според преданието, се смета дека Лазар бил погребан. Но, не постои начин да се потврди автентичноста на ова тврдење. Дури постои и двоумење дали тука воопшто се наоѓал гроб.

# Ерусалим

А во седмицата на палмите, Исус триумфално поминал низ Ерусалим качен на магаре, додека мноштвото извикувало: *„Осана на Синот Давидов! Благословен е оној што доаѓа во името Господово!“* (Матеј 21,9). Тој направил пауза на врвот на Маслинската Гора, жалејќи за градот кој ќе го отфрли. Од местото се простирала прекрасна глетка кон градот кој се наоѓал под него, и на Иродовиот храм кој блескал во преден план. Но сета таа сцена била замаглена од солзите во неговите очи. Потоа тој се спуштил до западната страна преку потокот Кедрон и влегол во градот.





Сегашниот стар дел на Ерусалим се наоѓа 5-15 метри над нивото на градот кој го познавал Исус. Тој град бил комплетно уништен од страна на римската војска во 70 година од нашата ера. Сегашните ѕидови биле изградени од Сулејман Величествениот во 16 век од новата ера. Па така, следбениците на Исус не би го препознале овој град, од



кој само неколку делови можат со сигурност да бидат потврдени.

Еден дел, кој е прецизно идентификуван како оригинален, е бањата Витезда.

## Бањата **Витезда**



Оригиналното ниво на бањата денес се наоѓа прилично длабоко

Во раните години Исус дошол до ова место во саботен ден и таму сретнал човек кого болеста го мачела цели 38 години. Тогаш постоело верување дека, кога водите од бањата ќе се разбрануваат, првиот што би влегол внатре би бил чудотворно излечен. Затоа, кога водата ќе се разбранувала, се правела огромна мешаница од луѓе кои брзале да бидат првите кои ќе бидат излекувани.

Овој кутар човек немал никого да му помогне, така што секогаш стигнувал предоцна. Исус се сожалил, се наведнал над него и го прашал: „*Сакаш ли да оздравиш?*“ (Јован 5,6). Откако човекот му кажал дека нема кој да му помогне да влезе во водата, Исус само рекол: „*Стани, земи ја постелката своја и оди!*“ (стих 8). Во истиот миг, низ мускулите на човекот проструила сила и тој можел да оди. Во Библијата стои запишано дека бањата била близу до Овчата порта и имала пет тремови (стих 2). Северно од храмот имало бања која била откриена во 1888 год., и потоа на тоа подрачје биле вршени ископувања. Таа има пет преубави високи сводови и сигурно тоа е бањата која се споменува во библискиот извештај.

## Гетсиманија

Исус ја прославил еврејската пасха со своите ученици во четврток навечер и веднаш потоа заминал во Гетсиманската градина.

На местата за кои се тврди дека Исус се молел, биле подигнати две цркви, но не постои начин прецизно да се одреди точната локација. Познат ни е реонот кој е опишан во Библијата каде што се вели дека тој преминал преку потокот Кедрон и отишол на Маслинската гора (Јован 18,1; Матеј 26,30) и тоа е местото каде што Јуда го предал да го уапсат.

Од Гетсиманија, Исус бил одведен на испрашување назад преку потокот Кедрон, до палатата на Ана (Јован 18,12), потоа во палатата на првосвештеникот Кајафа на понатамошно испрашување, додека заседавало управувачкото тело на Еврејската нација, Синедрионот (стих 24). Тука и Петар срамно се одрекол од својот Господ (стихови 25-27).







И денес во Гетсиманската градина има со векови стари маслинови дрвја

## Синедрионот

Кога заседавал Синедрионот, Исус бил изведен на суд на кој потплатени сведоци тврделе дека се заканувал оти ќе го уништи храмот. По вкрстеното испрашување, нивните тврдења се покажале контрадикторни. Обземен со очај, Кајафа настојувал да го наведе Исус себеси да се обвини. Ставајќи го затвореникот под судска заклетва, Кајафа му рекол: „*Те заколнувам во живиот Бог да ни кажеш ти ли си Христос, Синот Божји?*“

Намерата на првосвештеникот била да го исмее таквото тврдење дадено од страна на овој понизен столар.

Како што има месијански пророштва кои ги предвиделе неговите страдања за човечкиот род, исто така постоеле и пророштва кои го предвидувале неговиот краен триумф над злото и воспоставување на свет во кој ќе владеат мир и вечен живот. Евреите ја одржувале надежта дека Месија ќе ги победи нивните непријатели и ќе го издигне нивниот народ. Кајафа се надевал дека ќе го дискредитира овој мирен проповедник кој се претставувал како очекуваниот Откупител.

Пред ваквиот предизвик Исус не можел да остане нем. „*Ти рече!*“ му одговорил Исус, „*но Јас ви велам: отсега ќе го гледате Синот Човечки како седи оддесно на Силата и како доаѓа на небесните облаци*“. Кајафа го барал токму тоа. Преправајќи се дека е запрепастен од таквите зборови, „*првосвештеникот ја раскина облеката своја и рече: „Овој хули на Бога!... Што мислите? А тие одговорија и рекоа `Заслужува смрт`. Тогаш го плукаа в лице и го тепаа*“ (Матеј 26,59-66).

## Понтиј **Пилат**

Според еврејскиот закон ноќното судење се сметало за невалидно, па затоа, „*кога се раздени, сите првосвештеници и старешини направија договор против Исус за да го убијат; и откако го врзаа, го одведоа и го предадоа на управникот Понтиј Пилат*“ (Матеј 27,1.2).



Не може прецизно да се одреди каде била лоцирана палатата на Кајафа, но со сигурност се знае каде се случило судењето пред Пилат.

Пилат е историска личност за која сме добро информирани. Кога бил откопан Римскиот теа-

тар во Цезареа, таму бил најден натпис на камен кој сега се наоѓа во Еврејскиот музеј во Ерусалим и се однесува на Понтиј Пилат. Јосиф Флавиј ги забележал своите активности во Палестина и тоа како бил прогонуван заради неговите неправди. Најверојатно во исто време кога се случувало судењето на Исус, Пилат се наоѓал во тврдината Антонија (Antonia), на северниот крај од храмот.



Името на Понтиј Пилат врежано во камен - **PONTIVS PILATVS**

Откако го сослушал случајот, Пилат ја објавил својата пресуда велејќи: *„Јас не наоѓам никаква вина кај овој човек“* (Лука 23,4). По ова настанала хаотична ситуација. „Тој го побунува народот и поучува по цела Јудеја, почнувајќи од Галилеја па до овде“, викале Евреите (стих 5). Откако го слушнал зборот „Галилеја“, Пилат видел можност да ја префрли одлуката за осудување на невин човек и го пратил Исус кај Ирод, гуверdescribed на Галилеја кој бил во Ерусалим за време на празникот Пасха.

Но, Ирод не бил убеден во неговата вина и за кратко време затвореникот бил вратен во салата за судење на Пилат.

## Распнувањето

Уште еднаш Пилат се обидел да се извлече, нудејќи да ослободи еден политички затвореник, што било обичај за време на Пасха. *„Кого сакате да ви го ослободам, Варава или Исус наречен Христос?* (што значи Месија)“ прашал тој. *„Пушти ни го Варава“*, повикале сите. *„А што да правам со Исус наречен Христос?“* прашал Пилат. Следувало застрашувачкото барање: *„Да биде распнат!“*

Распнувањето била сурова казна резервирана за најлошите криминалци, па дури и на Пилат не му била пријатна таа одговорност.

*„Зошто, какво зло сторил тој?“* прашал. Но тие не сакале докази. Сакале овој човек, кој се осмелил да ги нарече лицемери, да биде осуден. *„Да биде распнат!“*, викале како во лудило.

Нерешителниот Пилат подлегнал пред притисокот. *„Пилат... зеде вода, ги изми рацете пред народот и рече: `Невин сум за крвта на овој праведник; мислете му вие!`“* (Матеј 27,15-24). *„И носејќи го својот крст, тој излезе на местото наречено Черепница, а по еврејски Голгота. Таму го распнаа“* (Јован 19,17.18).

## Голгота

Голгота е еврејски збор што значи „череп“. Латинскиот збор за череп е „calvary“. И двата збора го имаат истото значење. Положбата не може со сигурност да биде идентификувана. Епископот Еузебиј (Eusebius), во 300 година од нашата ера, тврдел дека на тоа место претходно бил изграден храмот на Венера. Императорот Константин потоа го преместил храмот и на негово место изградил црква.





Подоцна местото било заземено од Црквата Св. Гробница (St. Sepulchre).

Во 1883 година во Палестина на отсуство дошол генералот Гордон, кој се прославил кај Картум (Khartoum). Бил импресиониран од гребенот со лик на череп што го забележал на северната страна на стариот град. Во близина имало празна гробница. Тој им пишал на своите пријатели во Англија кои собирале средства да го купат местото. Овие места денес се познати како Гордоновата Голгота и Градинарска гробница. Црквата на Св. Гробница е римокатоличка црква, а Градинарската гробница е протестантско место.


Гребенот со лик на череп

Исус бил закован на крстот во 9 часот наутро, а починал во 3 часот попладне. *„А Јосиф, штом го зеде телото, го завитка во чисто платно и го положи во својот нов гроб, што го беше издлабил во камен; па откако постави голем камен над гробната врата, си отиде“* (Матеј 27,59.60). Неодамна било спроведено детално испитување на „Платното (покровот) од Торино“ (the Turin Shroud). Се чинело дека има докази за натприродно потекло на платното, но тоа не докажува дека станува збор за материјалот во кој било завиткано Исусовото тело. Според радио-јаглеродните тестови, тоа датира од околу 1300 година од новата ера.



Иако не е можно со сигурност да се идентификува гробницата на Христос, во Ерусалим има гробници од ваков вид . Една од нив е и семејната гробница на Ирод, која има голем тркалезен камен, кој може да биде тркалан до почетокот на влезот. Другата е „Гробницата на кралевите“, кај која има помал камен да се затвори влезот.



Исусовиот празен гроб

## Воскресението

*„И ете, стана голем потрес; и ангел Господов слезе од небото, пристапи, го отстрани каменот од гробната врата и седна на него“* (Матеј 28,2). Очевидно не може да има археолошки доказ за воскреснување од мртвите. Фактот дека Градинарската гробница и Св. Гробница се празни, не е значајно во овој контекст. Има многу гробници во и околу Ерусалим и сите тие се празни, но би било тешко да се објасни почетокот на христијанството ако Исус Христос не воскреснал. Апостолите барале Месија кој ќе ги ослободи од непријателите, а не Спасител кој ќе страда и ќе умре за нивните гревови.

Дури и по неговото воскресение тие го прашале: *„Господи, во ова време ли ќе го востановиш царството Израилево?“* (Дела 1,6). И тие се двоумеле да го прифатат фактот за неговото воскресение. *„Но тие, кога слушнаа дека е Тој жив и дека таа го видела, не поверуваа“* (Марко 16,11). Затоа тие не ја измислиле приказната. Во секој случај, повеќето од првите следбеници станале маченици и многу малку луѓе би умреле за лага што самите ја измислиле. Секако, ниту неговите непријатели не би ја поддржале ваквата идеја. Ако немало воскресение, некој едноставно ќе требало да покаже тело и целата идеја би била уништена.

Според тоа, се гледа дека Исус Христос ги исполнил сите предвидувања на месијанските пророштва и разумно е да се заклучи дека библискиот извештај за неговото воскресение е единственото логично објаснување за основање на Христијанската црква.







# СВИТОЦИ ОД МРТВОТО МОРЕ



Колку е веродостојна Библијата што ја имаме денес?

## Сензационално откритие

Во 1947 година се случило едно од најважните археолошки откритија на дваесеттиот век и тоа во пустина близу до брегот на Мртвото Море, во Израел. До него не дошле искусни археолози, туку еден арапски бедуин кој ги пасел стадата во тој регион. Откритието се појавило како сензација и на насловните страници во весниците и списанијата, а неговите последици ќе влијаат на ставовите на научниците и теолозите во наредните декади. Пред да ја раскажеме оваа сторија и да ја проучиме важноста на свитоците од Мртвото Море, треба да се вратиме малку назад и да научиме нешто за почетоците на нашата Библија што ја имаме денес.

## Сумерското клинесто писмо



Најстарото писмо е сумерското клинесто писмо кое содржи околу 800 знаци, каде што секој знак претставува одреден глас.

Калапот за пишување во облик на клин се користел за правење на различни знаци на мека глинена табла. Понекогаш овие табли биле сушени на сонце и доколку не биле чувани внимателно, многу малку од нив би останале неоштетени. За среќа, многу од таблите биле сушени во печка и иако биле откриени илјадници години подоцна, сепак биле читливи.

Некои од тие табли биле дури ставени во глинени обвивки, кои на надворешната страна биле исто така испишани со знаци. Најверојатно ова било правено во случај да дојде до колебање во врска со запишаната порака, обвивките да бидат отворени и да се проверат податоците на нејзината содржина.

Очигледно е дека клинестото писмо било бавен и комплициран начин на пишување и само добро образованите (богатите) луѓе и книжевниците можеле да научат да читаат и да пишуваат.

## Египетските хиероглифи

Рано во историјата Египќаните развиле свое хиероглифско писмо со слики. Тие или цртале на камен или на парчиња папирус или, пак, понекогаш на табли од дрво со четка од трска натопена во мастило од јаглен. Дршките од растението папирус прво биле лупени и потоа сечени





Растението папирус (горе) и папирус, лист за пишување (долу)

на тенки делови и потопувани во вода. Овие делчиња биле редени едно до друго, а другите делчиња се ставале под прав агол во однос на првите. Целото парче, составено од наредените делчиња, се ставало под притисок додека не се исуши, а потоа површината била внимателно мазнета со триење со камен. Така произведените парчиња честопати биле лепени едно под друго за да се направи долг свиток кој можел да се свитка во ролна. Вообичаената должина за ваквиот свиток била меѓу девет и десет метри. Некои биле многу подолги. Најдолгиот свиток е познатиот Харис папирус (Harris papyrus), кој сега се наоѓа во Британскиот музеј и неговата должина е 40 метри. Англискиот збор „paper“, е изведен од зборот „papyrus“.

## Папирус и библос

Бидејќи растението многу успевало во Египет, Египќаните имале монопол на производството и користењето на материјалите од папирус. Сепак, бидејќи Феничаните биле големи трговци на Медитеранот, набргу го увезле растението од Египет и правеле свитоци кои потоа ги извезувале насекаде низ Медитеранот. Феникискиот град Гебал (Gebal), на околу 30 километри северно од Бејрут (Beirut), бил главен индустриски центар. Од причина што грчкиот збор за свиток е „biblion“ или „biblos“, градот почнале да го викаат Библос (Byblos). Од овој збор се добива зборот „Библија“.

## Пронајдено алфабетското писмо

Поради големиот број знаци (речиси 750) и комплицираните уметнички форми, познавањето на египетските хиероглифи било ограничено само на писарите и образованите класи. Меѓутоа, кога било пронајдено алфабетското писмо, се случиле огромни промени во уметноста на пишувањето. Научниците сè уште не можат да кажат со сигурност кога и каде биле почетоците на алфабетското писмо. Некои сметаат дека Феничаните се виновни за ова бидејќи биле најдени неколку примероци испишани со ова писмо во областа на Синајскиот Полуостров.

Едно е сигурно, писмото пристигнало во вистинско време за го овозможи пишувањето на Библијата.

Мојсеј бил првиот библиски писател и умеел да го користи алфабетското писмо. Доколку бил принуден да ги користи египетските хиероглифи, на кои веќе бил навикнат во Египет, неговото опширно пишување би било Херкуловска задача и тој можеби никогаш не би имал време да ги напише шесте големи книги. Дури и да можел да напише толку многу, малкумина ќе знаеле да ги прочитаат светите книги. Библијата би била затворена книга за нив.





## Хебрејското писмо

Хебрејското писмо било едноставна форма на пишување и скоро секој можел да научи да го чита. Ова писмо содржело само 22 букви. Немало посебни самогласки, но пет букви можеле да се користат како индикатори за присуство на самогласки. Првата буква од оваа алфабета била „aleph“ (алеф) а втората била „beth“ (бет). Подоцна, кога грчката азбука била развиена според слична линија, првите букви биле „alpha“ и „beta“, и така се развила „алфабетата“.

Уште подоцна се развила римската азбука и таа станала основа за развивање на англиската азбука (а и на другите европски алфабети денеска) која строго го следи истиот ред како оригиналната еврејска азбука.

Ако ја имате верзијата на Библијата според кралот Џејмс (King James Version), ќе ги најдете овие еврејски букви во Псалмот 119. Овој псалм е пишуван во форма на еврејска поезија наречена *акростих*. Во акростихот секој стих започнува со една буква од еврејската азбука. Псалм 145 е таков псалм, иако буквата Н е испуштена па псалмот има 21 стих.

Првите пет глави од Плачот на Еремија (Lamentations) се напишани во форма на акростих, секоја глава има 22, 44 и 66 стиха, така што секој стих или секој втор или трет стих почнува со следната буква од азбуката. Во Псалмот 119, првите осум стиха почнуваат со „aleph“, првата

буква од азбуката, а вторите осум почнуваат со следната буква и така натаму низ целиот псалм.

## Свитоци и ракописи

Еврејските свитоци биле направени од најфин пергамент, најчесто од јагнешка кожа. На краевите на свитокот имало закачено парче од заоблено дрво и парчињата се продолжувале доколку имало потреба за тоа. Кога Исус отишол во синагогата во Назарет *„стана да чита, и му ја подадоа книгата на пророкот Исаија; и Тој, штом ја отвори, го најде местото каде што беше запишано...“* (Лука 4,16.17). Можеме да замислиме како зел еден свиток и го одмотувал сè додека не го нашол пасусот што го барал, во овој случај текстот од книгата на пророкот Исаија 61. глава.



Дотрајаните свитоци од пергамент биле уништувани

Секако, пергаментот не бил издржлив како камен или табличките од печена глина и по подолго користење се абел и трошел. Тогаш Евреите ги палеле или ги закопувале пергаментите, па затоа во денешно време не постои ниту еден оригинал напишан од пророците. Само една таква страна би вредела многу, и ние би дале сè да имаме една таква денеска, колку и да е оштетена или скината. Сепак, Евреите не сакале да се користат такви оштетени пергаменти, бидејќи тоа го сметале како богохулење. Копии биле правени со цел да се заменат оштетените оригинали и да се умножат повеќе примероци за да можат повеќе луѓе да читаат. Семејствата кои можеле да купат една или повеќе копии од библиските книги, се чувствувале многу привилегирано.

Но, иако ваквото копирање било изведувано од вешти писари кои посветувале големо внимание на работата, неизбежни биле и грешки, па кога би дошло до грешки при препишувањето, тие се пренесувале понатаму. И така се ределе некои мали грешки и се додавале нови. Некогаш текстовите содржеле дополнителни објаснувања на маргините и се случувало таквите делови при препишувањето да бидат вметнати во текстот од страна на препишувачот. Таков е најверојатно случајот со стихот во Јован 5,4 кој го нема во повеќето верзии. Понекогаш, препишувачот ќе додадел некој збор за текстот да биде појасен за читателите. Во Прва Мојсеева 14,14 се вели дека Авраам ги бркал своите непријатели далеку до Дан. Но кога Мојсеј го напишал ова, градот тогаш бил наречен Лаис (Laish). Името Дан го добил долго време по смртта на Мојсеј (Судии 18,29). Така некои од препишувачите на книгата 1. Мојсеева, најверојатно сметале дека би било појасно ако се напише Дан. Некои луѓе би биле збунети денеска доколку читаат за земјата на Ван Дајмен (Van Diemen), на пример, во случај да не знаат дека е тоа оригиналното име за Тасманија. Понекогаш се додавани стихови со цел да се хармонизира текстот со гледиштето на оној што препишува. Во првите векови на христијанството, кога растела полемиката во врска со доктрината за Тројството, некој писар сметал дека треба своите верувања да ги дополни додавајќи некои зборови во 1. Јованово 5,7-8. Современите преводи ги изоставуваат овие стихови.








Десетте заповеди биле запишани на камени плочи и се чувале во ковчег обложен со злато

## Камени плочи

Единствениот дел од Библијата напишан на долготраен материјал биле Десетте заповеди. Според Мојсеј, Бог лично *„ги напиша врз плочите (камените плочи) зборовите на заветот, Десетте заповеди“* (2. Мојсеева 34,28).

Интересна е помислата дека тие можеби ќе бидат пронајдени еден ден. Мојсеј ги ставил во ковчег обложен со злато, познат како Ковчег на заветот (2. Мојсеева 25,21. Тој бил чуван на светото, скриено место. (2. Мојсеева 40,21). Кога Соломон го изградил храмот во Ерусалим, ковчегот со камените плочи бил сместен во храмот (1. Царевите 6,19).

Пред храмот да биде уништен од страна на Вавилонците во 586 година пред Христа, пророкот Еремија, под Божјо вдахновение, им заповедал да ги носат со себе скинијата и ковчегот, и се искачил на гората на која се искачил Мојсеј, и оттаму го гледал Божјето наследство. Откако пристигнал таму, Еремија нашол засолниште во една пештера, каде што ги внел скинијата, ковчегот и кадилниот жртвеник, а потоа го засидал влезот... „местото да остане непознато“, рекол тој, „сè додека Бог не се смилостиви и одново не го собере својот народ. Токму тогаш Господ ќе ги открие тие работи“ (2. Книга Макавејска 2,4-8).



Локацијата каде што се сокриени оригиналните плочи со Десетте заповеди е непозната

# Вдахновениот канон и апокрифите

Макавејската книга не е вклучена во повеќето Библии. Таа е една од седумте книги напишани на грчки јазик во периодот помеѓу крајот на Стариот завет и почетокот на Новиот завет. За нив не се тврди дека се вдахновени. Изразите како „Така вели Господ", или „видов во визија" се вообичаени за другите книги во Библијата, но ги нема во Апокрифите, како што е наречена оваа колекција.

Всушност, Втората книга Макавејска завршува со зборовите: „Јас со ова го завршувам моето прикажување. Ако ова мое излагање сум го составил добро и убаво, тогаш и мојата желба е исполнета. Ако пак, сум го направил слабо и недоволно, тогаш сум го направил она што сум можел" (2. книга Макавејска 15,38.39).

Иако се смета дека оваа книга не била божествено вдахновена, сепак содржи вредни историски информации и забелешките во врска со криењето на ковчегот во кој се наоѓаат Десетте заповеди се најверојатно точни. Римокатоличката Библија и некои други верзии ги содржат апокрифните книги.



Дали Библијата била променета низ вековите?

## Тврдењето на критичарите

Кога критичарите ги забележале несогласувањата што постојат во различните ракописи на Библијата, тие победнички тврделе дека во тој случај најверојатно има уште многу грешки во нашата сегашна Библија.

Дотолку повеќе, заради грешките тие тврделе дека нашата денешна Библија можеби не соодетствува со оригиналните книги напишани од пророците, па според тоа таа е „безвредна".

Бидејќи најстариот препис од Стариот завет, најден на почетокот од минатиот век, е стар само околу илјада години, било тешко да се одговори на приговорите на критичарите.

Но тогаш биле откриени свитоците од Мртвото Море.

Еден од многуте ракописи пронајдени во Кумранските пештери

## Откритието на древните ракописи

Мухамед Ад-Диб било момче што припаѓало на племето Та`амир (Ta'amireh), арапски Бедуини кои живееле меѓу Витлеем и Мртвото Море, област која во Библијата се нарекува Јудејска пустина (Матеј 3,1).

Во текот на денот Мухамед се грижел за козите на неговиот татко, барајќи ги ретките остри треви што растеле среде камените предели во оваа област.

Навечер тој седел крај огнот каде што се собирало племето, слушајќи ги постарите како дискутираат за важни работи како, на пример, за цената на овците на витлеемскиот пазар, можноста да се земе четврта сопруга или, пак, за засилувањето на борбите кои го нарушувале мирот во нивната земја.

Еден ден, додека ги чувал козите, Мухамед забележал дека една недостасува. Таа незабе-

лежано се оддалечила од стадото и тој тргнал да ја бара. По неуспешното барање, уморното момче се спуштило на камената почва, под сенката на една карпа.

Додека погледот бесцелно му талкал над вжарените карпи, забележало необична дупка на површината на една од нив. Отворот бил малку поголем од глава на човек и изгледал како влез во една од многуте пештери во таа област. Воден од љубопитност, младиот Бедуин се вовлекол внатре. Неговите очи едвај се навикнале на мракот пред да се спушти на земјата, но тоа што го видел во тие неколку мигови го оставило без здив. На подот од пештерата имало повеќе цилиндрични



предмети поставени во редови, а околу нив лежеле бројни парчиња на скршени садови. Тој не чекал повеќе, ја заборавил козата и побегнал колку што може побрзо и подалеку од оваа „проколната“ пештера, мислејќи дека во неа се населиле духови од пустината.

Истата вечер Мухамед ја открил својата тајна на едно постаро момче кое било помалку суеверно од него. Наредниот ден двете момчиња отишле до пештерата и охрабрени од меѓусебното присуство се протнале низ влезот и се спуштиле внатре. Сè било така како што опишало помладото момче. Редови од ќупови стоеле на еден крај на пештерата и во центарот лежеле скршени глинени садови и остатоци што паднале од врвот.

Повозрасното момче го подотворило капачето на еден од високите ќупови, зирнало внатре и видело дека е празен, а истото се случило и со вториот. Во третиот сад тие нашле сноп од стари крпи, а под нив уште два снопа. Ако се надевале дека ќе најдат злато или скапоцени камења, тогаш тие биле мошне разочарани. Трgajќи ја настрана ткаенината, тие нашле само свитоци од кожа. На момчињата им се згадило од глетката, и ставајќи неколку ролни под своите каиши излегле надвор од дупката и се вратиле назад во логорот. Не знаеле дека само една ваква ролна подоцна ќе биде продадена во Америка за четвртина милион долари.

Таа вечер одвиткале една од кожените ролни и откриле дека истата е долга од едниот до другиот крај на шаторот. На неа имало нешто испишано, но не умееле да прочитаат. Следниот пат кога мажите од племето отишле



Дел од ќуповите во кои биле сместени ролните





Свитоци во состојбата кога биле пронајдени

во Витлеем да тргуваат, ги зеле ролните со себе и му ги покажале на еден трговец, сопственик на продавница. Трговецот по име Кандо сметал дека ролните можеби имаат некоја вредност.

## Непроценливо богатство минува незабележано

И самиот кога повторно заминал за Ерусалим ги зел ролните со себе и му ги покажал на својот духовен водач, епископ Самоил од сирискиот манастир Свети Марко. Токму во тоа време епископот ги изучувал древните ракописи и честопати сонувал да најде такви свитоци. Тој се понудил да ги откупи, но Кандо му кажал дека има повеќе такви и би било подобро да ги земе сите заедно. Епископот се согласил со оваа идеја и Кандо си заминал со ветување дека ќе се врати. Ова се случило во април 1947 година.



Во јули Кандо се вратил со еден Бедуин. Епископот Самоил ги очекувал. Тој го поминал целото утро чекајќи ги, но залудно. Заминал на ручек со останатите свештеници, плашејќи се дека го однеле богатството на друго место. Но, за време на вечерата, тој случајно слушнал дека Отецот Гелф (Gelph) споменал инцидент кој се случил рано тоа утро. Кога чул, ја испуштил лажичката со која јадел. „Што направи?“ прашал тој. „Јас им кажав да си одат. Тие имаа некои нечисти свитоци замотани во леплив лен и сакаа да Ве видат. Но јас бев јасен и строг со нив, знаев дека Вие, Ваше Височество, не би сакале такви смрдливи стари работи во Вашиот манастир“.

Епископот нагло станал од своето столче и заминал оставајќи ги зад себе зачудените свештеници.

Била договорена уште една средба и неколку седмици подоцна, на 5 август, Кандо пристигнал со двајца Бедуини, вклучувајќи го и момчето кое ја открило пештерата. Од старата торба Кандо извадил пет стари свитоци. Почнало тргувањето, но секоја понуда Кандо со презир ја одбивал, правејќи гримаса. На крајот, епископот ја отворил својата фиока и извадил едно купче јордански динари.

„Ова се сите пари што ги имам. Не можам да понудам повеќе“, конечно кажал. Кандо ги зел парите и брзо ги пребороил – шеесет динари (околу 250 американски долари). Кандо ги спуштил ра-

мениците и ги турнал ролните на масата накај епископот. „Се надеваме дека ќе ви донесат среќа, Ваше Височество“, кажал тој културно и заминал.

Во текот на следните неколку седмици, епископот Самоил го покажал своето богатство пред неколку научници раскажувајќи им ја својата приказна, и од нив примил сочувство заради губење на своите вредни динари. Бедуините секогаш „наоѓаат некои работи“ – му велеле, и тврделе дека немало шанса овие свитоци да се вистински. Но епископот не се обесхрабрил. Политичката ситуација и понатаму создавала вознемиреност во земјата и на 29 ноември, Генералното Собрание на Обединетите нации препорачало делење на Палестина на арапска и израелска држава. Дошло до отворени судири и движењето околу Ерусалим станало опасно.



# Најголемото откритие
## на модерната доба

Во јануари 1948 година, еден пријател на епископот договорил состанок со еминентен еврејски научник, професор Сукеник (Sukenik) од Еврејскиот универзитет. Професорот ги позајмил свитоците за една седмица и откако потврдил дека се историски, се понудил да ги откупи. Меѓутоа, понудата пропаднала бидејќи не можеле да се договорат околу цената.

Потоа, епископот се обратил до Американската школа за ориентални истражувања, каде што контактирал со докторот Џон Тревер (John Trever), еминентен еврејски научник и вешт фотограф. Доктор Тревер потврдил дека свитоците се многу стари и ги фотографирал. Открил дека еден од нив бил древна копија на книгата на пророкот Исаија.

Тој ги испратил фотографиите по пошта на професорот Олбрајт (Albright) од Американскиот универзитет Џон Хопкинс (John Hopkins University), најголемиот светски авторитет кога станува збор за археологијата во Палестина.

На 15 март стигнала телеграма во која пишувало: „Примете ги моите срдечни честитки за најголемото откритие на модерното време. Претпоставувам дека се од периодот околу 100-та година пред Христа“. 100-та година пред нашата ера? Тоа би значело дека свитокот е 1000 години постар од секој друг текст од Стариот завет. Но тоа сè уште не било крај на драмата.



Бедуините се дале во потрага пребарувајќи ги за нив дотогаш безвредните пештери

Доктор Тревер му препорачал на Епископот да го изнесе вредниот документ надвор од земјата, со цел да не биде уништено во борбите кои се случувале во тоа време. Епископот го послушал овој совет и избегал во Соединетите Држави, каде што конечно ја продал ролната на претставник на Израелската влада. Подоцна таа била вратена во Израел и сега се чува во Еврејскиот музеј.

# Богатството
## на Бедуините

Откако Бедуините виделе дека можат да добијат динари, чувањето на козите било веднаш заборавено и заменето со пребарување на пештерите и потрага по свитоци. Една вечер, додека седеле околу логорскиот оган дискутирајќи за најновите пронајдоци, еден постар човек одеднаш се сетил на инцидентот што се случил пред многу години. Тој бил во лов на еребици и погодил една во крилото. Паѓајќи на земја, таа исчезнала во дупка покрај една карпа. Кога Бедуинот влегол во дупката да ја најде птицата, забележал дека е во пештера. „Се сеќавам дека имаше скршени ќупови во таа пештера!“ „Каде е тоа место?“ – повикале гласно неговите нетрпеливи слушатели. Следниот ден стариот човек ги одвел до пештерата, и таму навистина пронашле уште свитоци, кои сега се продавале за 4 долари по квадратен сантиметар.

Оваа пештера станала позната како „пештерата на ранетата еребица“, и се наоѓа веднаш покрај урнатините на една стара градба на местото наречено Кирбет Кумран (Khirbet Qumran). Тука веројатно живеела еврејска секта аскети познати како Есени, и тука тие ги препишувале библиските книги. Во текот на ископувањата, таму биле најдени многу монети кои датирале и од 68 година од новата ера, кога градбата била најверојатно уништена при пожар. Жителите очигледно живееле таму додека римската војска не влегла во Ерусалим и, плашејќи се дека Римјаните ќе ги убијат, тие ги сокриле вредните свитоци во пештерите и побегнале во Ерусалим, кој бил освоен и уништен од Римјаните во 70 година од новата ера. Најверојатно загинале во војната и никогаш не се вратиле во своите населби, па така свитоците останале скриени сè до 1947 година. Пронајдени се 11 пештери во кои имало свитоци.



Денес туристите ги посетуваат пештерите во Кумран



Пронајдените свитоци ја потврдуваат веродостојноста на Библијата

## Точен превод

Важноста на свитоците не се состои во стариот материјал од којшто се направени, ниту заради старото писмо на кое се напишани, туку заради нивната содржина.

Тоа биле преписи на Библијата многу постари од кои било други дотогаш пронајдени копии.

Што било напишано таму? Дали научниците ќе откријат дека нашата сегашна Библија е всушност само искривена верзија на оригиналните списи? Нетрпеливо започнале со работа споредувајќи ги текстовите од овие свитоци со оние што ги имаме во Библијата која се користи денес.

Да бидеме искрени, имало несогласувања. На пример, во книгата на пророкот Исаија 6,3 запишано е дека ангелот кажал, *„Свет, свет, свет е Господ Саваот“*. Во свитокот од Мртвото Море пишува: *„Свет, свет е Господ над војските“*. Тука има едно „Свет“ помалку. Во современата Библија на неколку места каде што пишува „Господ“, во свитоците стои „Бог“.



Во Прва Самоилова 1,24 нашата Библија вели дека Ана го одвела Самоил во храмот „со три јунци“. Во свитоците пишува дека таа го однела со „тригодишен јунец“. Значи, има некои несовпаѓања, но понатамошните испитувања покажале дека немало ништо што го сменило есенцијалното значење на текстот, па така оние што го читаат Стариот завет денеска можат да бидат сигурни дека тоа што го читаат е во суштина она што го напишале пророците пред илјадници години.

Пред 3000 години, Давид напишал: *„Зборовите на Господ се зборови чисти... Ти Господи, ќе нè одбраниш и ќе нè зачуваш од овој род довека“* (Псалм 12,6.7).

## Богатството на Писмото

Но што е со Новиот завет кој бил напишан по времето на Исус Христос? Еден од најважните документи бил најден во манастирот Света Катарина на планината Синај. Мошне рано во христијанскиот период, некои монаси се населиле таму и изградиле мала црква. Кога Света Елена, мајката на римскиот император Константин, дошла во Ерусалим, слушнала за маките на синајските монаси и изградила кула – засолниште на подножјето на Мојсеевата гора. Во ова време некои писари направиле копија од Новиот завет и некои делови од Стариот завет. Тие напишале текстови на грчки јазик на листови од пергамент. На секој лист имало 4 колони со 48 реда во секоја колона. Текстот бил чуван во манастирската библиотека и заради потрагата по вистината на грофот Фон Тишендорф, не биле обелоденети.

*продолжува на стр. 31*



АРХЕОЛОГИЈА

# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

# МЕСИЈА во пророштвата и историјата

**1.** Што значи зборот „Месија“?

Одговор::

**2.** Што се славело на 25 декември, како идолопоклонство на Митра?

Одговор:

**3.** Колку одлуки на Цезар Август се забележани на ѕидот од храмот на Август во Анкара?

Одговор:

**4.** Зошто првите христијани не ги почитувале таканаречените „свети места“?

Одговор:

**5.** Урнатини од синагога биле откриени кај Капернаум и делумно обновени. Во кој век од христијанската ера била изградена оваа синагога?

Одговор:

**6.** Во кој дел од Блискиот Исток се наоѓаат највпечатливите римски урнатини?

Одговор:

**7.** Каде бил пронајден записот каде што се споменува Понтиј Пилат?

Одговор:

**8.** Што значи зборот „голгота“? Одговор:

**9.** Со што биле затворани многу гробови во времето на Исус?

Одговор:

**10.** Што мислите кој е најсоодветниот доказ дека Исус Христос ги исполнил пророштвата за Месија? Одговор:

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# СВИТОЦИ ОД МРТВОТО МОРЕ

1. Во која година бил откриен првиот свиток од Мртво Море?
   Одговор:
2. Како се викал древниот град од кој потекнува зборот Библија?
   Одговор:
3. Колку букви има еврејската азбука? Одговор:
4. Кој псалм е напишан во форма на акростих, со стихови кои започнуваат со секоја следна буква од еврејската азбука? Одговор:
5. Од кој материјал биле направени еврејските свитоци? Одговор:
6. Кој е единствениот библиски текст запишан на камен? Одговор:
7. Зашто апокрифите не се вклучени во повеќето Библии? Одговор:
8. Кој датум го назначил професорот Олбрајт за Свитоците од Мртвото Море?
   Одговор:
9. Кој значаен ракопис бил пронајден кај планината Синај? Одговор:
10. Кои информации од оваа тема ја зголемуваат твојата доверба во Библијата?
    Одговор:

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

**Ваши податоци**

Име и презиме
Телефон
Адреса

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



Кодекс Синаитикус

Константин Фон Тишендорф бил роден во 1815 година и студирал на Универзитетот во Лајпциг. Во 1840 година тој заминал во Париз заради едно истражување во големата библиотека. Во тоа време биле изнесени сомнежи во врска со веродостојноста на библиските текстови. Критичарите укажувале на „очигледните несогласувања на различните преводи“ на Библијата и Тишендорф сметал дека прифатениот текст треба да се прочисти, со што прецизно би се прикажал оригиналот.

Во 1843 година, заминал да истражува во Италија, а следната година заминал во Египет и на Синај. Додека проучувал во манастирот, имал можност да погледне многу пергаменти. Ракописите што се наоѓале на нив биле постари од кои било други дотогаш видени и тој брзо сфатил дека содржеле делови од Септуагинтата, (познати како LXX), грчка верзија на Стариот завет, која потекнува од околу 250 година пред нашата ера. Тој зел 43 листа и му било дозволено да ги задржи, но кога се распрашал и сфатил дека има уште 80 листа, монасите почнале да ја сфаќаат нивната вредност и одбиле да ги делат.

Девет години подоцна, во 1853 година, Тишендорф се вратил во Синај, но не можел да ги најде другите листови што ги видел. Во 1859 година повторно се вратил, и на последниот ден од неговиот престој му биле покажани уште 199 листа од Стариот завет и 148 листа на кои, со унцијален ракопис*, бил напишан целиот Нов завет. Тој се понудил да ги откупи свитоците, но бил одбиен. За среќа, требало да биде назначен нов архиепископ и монасите сакале да ја осигураат наклонетоста на рускиот цар, кој бил заштитник на грчката црква. Така, преку низа вешти преговори, успеал да ги убеди монасите да му дозволат да му ги покаже свитоците на царот. Биле пратени во Санкт Петербург каде што останале сè до 1933 година.

* ракопис со големи почетни букви



Манастирот Св. Катарина на Синај

АРХЕОЛОГИЈА ископување на минатото
Списание за промовирање на библиската археологија | Број 6, година II, 2015 | Месечно издание |
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** |
Издава: **АИК „Знаци на времето“,** Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** |
e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

# Откритија
## на дваесеттиот век

Во тоа време Русија го прифатила комунизмот кој не придавал голема важност на библиските ракописи, па кога Британската влада понудила 100 000 фунти за тоа, договорот бил направен. Овој непроценлив ракопис сега е изложен во Британскиот музеј и е познат како „Codex Sinaiticus“ (Кодекс Синаитикус).

Во 1977 година во манастирот избувнал пожар при што бил оштетен дел од еден ѕид. Кога го поправале ѕидот, работниците откриле уште 3000 страници од еден ракопис, од кои четиринаесет биле дел од Кодексот Синаитикус кои се сметале за изгубени. Веста за ова откритие не била веднаш објавена. Дури и сега на западните истражувачи не им е дозволено да ги видат. Но кога монасите конечно ги објавиле, тоа претставувало непроценливо дополнување на нашето познавање на оригиналниот библиски текст.



## Божјата реч

Библиските пророштва за градовите и царствата во минатото во целост се исполниле, па тоа треба да ни влева доверба во пророштвата кои се однесуваат на иднината. Според тврдењата на самата Библија, нејзините вистини се од витално значење за стекнување на вечен живот. ***„Светите Писанија... можат да те направат мудар за спасение преку верата во Христос Исус. Целото Писмо е од Бога вдахновено и полезно за поука, за казнување, поправање и поучување во праведност“*** (2. Тимотеј 3,15.16).


## ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:

# ДРЕВНИТЕ ГРЦИ и ЈЕРАШ
### И ИДНИОТ ЖИВОТ

- Грчката религија и филозофија
- Библијата и идниот живот
- Јераш во христијанскиот период
- Исламот стигнува до Јераш
- Загубениот син

